**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**

## „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – ЦЕНТАР, СКОПЈЕ




# Програма за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од ООУ „Св. Кирил и Методиј” Центар, Скопје за учебната 2026/2027 година

| | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Св. Кирил и Методиј“ – Центар, Скопје |
| **Учебна година** | 2026/2027 |
| **Вид на документ** | Програма за излети, екскурзии и настава во природа |
| **Стручен Тим за подготовка на Програма за Екскурзии и други вонучилишни активности на учениците од ООУ “Свети Кирил и Методиј” Центар-Скопје за учебната 2026/27 година** | Соња Кирковска- Директор<br>Сања Шутиновска Величковиќ- Психолог<br>Весна Миливоевиќ-Предметен наставник<br>Филип Георгиевски-Предметен наставник<br>Дијана Илиевска Коваческа- Одделенски наставник<br>Драган Станојковски- Предметен наставник-раководител |

Скопје, 2026 година

## 1. Вовед

Врз основа на Годишната програма за работа на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ – Центар, Скопје, за учебната 2026/2027 година, се изготвува оваа Програма за вонучилишни активности, односно за изведување на излети, екскурзии и настава во природа за учениците од I до IX одделение.

Програмата има за цел да обезбеди јасно планирање, безбедна организација и квалитетна реализација на активностите надвор од училишната средина. Активностите се предвидени како надополнување на наставниот процес преку непосредно набљудување, истражување, рекреација, спорт, дружење и запознавање со природните, културните и историските богатства на нашата држава.

## 2. Содржина на програмата

- Еднодневна екскурзија со учениците од IV-IX одделение
- Настава во природа со учениците од V одделение
- Дводневна екскурзија со учениците од VI одделение
- Еднодневен есенски излет со учениците од I до IX одделение
- Еднодневен пролетен излет со учениците од I до IX одделение
- Тридневна екскурзија/настава во природа со учениците од IX одделение
- Општи организациски, безбедносни и финансиски услови

## 3. Општи воспитно-образовни цели

- проширување и продлабочување на знаењата стекнати во наставниот процес преку непосредно запознавање со природни, културни, историски и општествени појави;
- развивање љубов кон природата, татковината и нејзините природни и културни вредности;
- развивање еколошка свест и одговорен однос кон животната средина;
- поттикнување на истражувачки дух, набљудување, прибирање податоци, споредување и донесување заклучоци;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и здрави животни навики;
- подобрување на социјализацијата, меѓусебното разбирање, толеранцијата и соработката меѓу учениците;
- развивање самостојност, одговорност, дисциплина, грижа за себе и културно однесување во група и на јавни места.

## 4. Краток преглед на предвидените активности

| Активност | Одделение | Период | Локација | Времетраење |
|---|---|---|---|---|
| Есенски излет | I–IX | септември/октомври 2026 | Градски парк – Скопје | 1 ден |
| Пролетен излет | I–III | април/мај 2027 | Сарај – Скопје | 1 ден |
| Еднодневна екскурзија | IV-IX | април/мај 2027 | Тетово – Лешочки манастир | 1 ден |
| Настава во природа | V | април/мај 2027 | Крушево – Битола – Охрид – Вевчани – Струга | 3 дена |
| Дводневна екскурзија | VI | април/мај 2027 | Тетово –с.Вруток – ХЕЦ Вруток – Охрид – Скопје | 2 дена |
| Тридневна екскурзија | IX | април/мај 2027 | Тетово – Маврово – Струга – Охрид | 3 дена |

# 1. ЕДНОДНЕВЕН ЕСЕНСКИ ИЗЛЕТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Место на реализација** | Градски парк – Скопје / друга соодветна рекреативна локација во близина на училиштето |
| **Време на реализација** | Септември / Октомври 2026 година |
| **Времетраење** | 1 ден, во период од 08:00 до 14:00 часот |
| **Учесници** | ученици од I до IX одделение |
| **Правец на движење** | училиште – Градски парк – училиште |

### Цел

Целта на есенскиот излет е престој и рекреација на учениците во природа, развивање интерес за природата, поттикнување еколошки навики, дружење и градење здрави животни стилови.

### Содржини и активности

- заедничка прошетка и набљудување на околината;
- спортски и рекреативни активности: фудбал, одбојка, кошарка, народна топка, игри со јаже и други колективни игри;

- кратки едукативни разговори за значењето на природата, чистата околина и здравиот начин на живот;  активности за социјализација, тимска соработка и меѓусебна толеранција.

### Одговорни лица

Одделенски наставници од I до V одделение, одделенски раководители од VI до IX одделение и одговорен наставник за координација на излетот.

### Финансирање

Финансирањето ќе се врши согласно Правилникот на МОН, преку средства од родителите/старателите или други извори предвидени со Правилникот. Исклучок е можен доколку Општината донесе одлука да ги покрие трошоците за реализација на екскурзиите

### Техничка организација:

- Технички исправни и климатизирани автобуси;
- Присуство на лекар.

## 2. ЕДНОДНЕВЕН ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I ДО III ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Место на реализација** | Спортски центар Сарај – Скопје / друга соодветна рекреативна локација |
| **Време на реализација** | Април / Мај 2027 година |
| **Времетраење** | 1 ден, во период од 08:00 до 15:00 часот |
| **Учесници** | ученици од I - III одделение |
| **Правец на патување** | Скопје – Сарај – Скопје |

### Цел

Пролетниот излет има забавно-рекреативен и воспитно-образовен карактер. Целта е учениците да поминат активен ден во природа, да спортуваат, да се дружат и да развиваат позитивен однос кон природата и здравите животни навики.

### Содржини и активности

- организирани спортски активности и натпревари;
- рекреативни и колективни игри;
- набљудување на природната средина и разговор за заштита на животната средина;  активности за меѓусебно дружење, соработка и толеранција;  краток одмор, ужина и културно однесување во група.

### Одговорни лица
Одделенски наставници од I до V одделение, одделенски раководители од VI до IX одделение, медицинско лице, лице за обезбедување и одговорен наставник за координација.

### Финансирање
Финансирањето ќе се врши согласно Правилникот на МОН, преку средства од родителите/старателите или други извори предвидени со Правилникот. Исклучок е можен доколку Општината донесе одлука да ги покрие трошоците за реализација на екскурзиите.

### Техничка организација:

- Технички исправни и климатизирани автобуси;
- Присуство на лекар.

## 3. ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД IV-IX ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Место на реализација** | Тетово – Лешочки манастир „Св. Атанасиј“ |
| **Време на реализација** | Април/Мај 2027 година |
| **Времетраење** | 1 ден; тргнување во 08:30 часот и враќање во попладневните часови |
| **Учесници** | ученици од IV - IX одделение |
| **Правец на патување** | Скопје – Тетово – Лешок – Скопје |

### Воспитно-образовни цели
- проширување на знаењата за западниот дел на Република Северна Македонија и природните убавини на Шар Планина;
- посета на локалитети и објекти од културно, историско и духовно значење;
- развивање интерес за природата, културното наследство и еколошките навики;
- дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и здраво живеење.

### Содржини и активности
- посета и разгледување на Лешочкиот манастир;
- кратко запознавање со културното и духовното значење на локалитетот;
- спортски и рекреативни игри во природа;
- заедничко доживување на околината, фотографирање и дружење.

### Одговорни лица

Раководител на екскурзијата и реализатори: одделенските наставници од активот на IV и IX одделение, со поддршка од туристички водич, медицинско лице и лице за обезбедување.

### Финансирање

Финансирањето ќе се врши согласно Правилникот на МОН, преку средства од родителите/старателите или други извори предвидени со Правилникот. Исклучок е можен доколку Општината донесе одлука да ги покрие трошоците за реализација на екскурзиите

### Техничка организација:

- Технички исправни и климатизирани автобуси;
- Присуство на лекар.

## 4. НАСТАВА ВО ПРИРОДА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД V ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Регион** | Западна Македонија |
| **Локации** | Крушево, Битола, Охрид,Струга, Вевчани, Дебар |
| **Време на реализација** | Април/Мај 2027 година |
| **Времетраење** | 3 дена / 2 ноќевања |
| **Учесници** | ученици од V одделение |
| **Одговорни наставници** | **(одделенски наставници на V1 и V2 одд.)** Дијана И.Коваческа, Александра Крстова, Даниела Крстевска, Васка Тошевска Момировска |
| **Сместување** | хотел во Охрид, избран согласно постапката за организација |
| | |

### Воспитно-образовни цели

- Запознавање со природно-географските обележја на Западниот дел на Република Северна Македонија, Крушево, Охрид, Струга и Вевчани;
- Проширување и продлабочување на знаењата на учениците за културното-историското наследство на нашата татковина;
- Поттикнување на ученичкото искуство за откривањена нови знаења преку организирање на истражувачки постапки;
- Развивање на љубопитноста (да поставуваат прашања, да даваат одговори на поставени прашања да донесуваат сопствени заклучоци );

- Оспособување за организација, комуникација,тимска работа, примена на стекнатите знаења во нови ситуации;
- Оспособување за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, согледување и сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина;
- стекнување знаења за водата како Еко систем на различни живи суштества;
- Проширување и збогатување на ученичкото искуство за откривањена нови знаења преку организирање на истражувачки постапки;
- Развивање љубов и почит кон татковината, нејзините убавинии историското минато и запознавање со артефакти од античките локалитети;
- Меѓусебно да се запознаат, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните и националните разлики;
- Негување и развивање на индивидуалната,тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;
- Применување на техники за учење во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, експериментирање, споредување, истражување, анализирање); - Развивање на естетски вредности, чување на природата, еколошка свест за флората и фауната,
-Формирање навики за организирано културно и пристојно користење на слободното време според однапред договорени правила и куќен ред;

## План на активности по денови

1. Прв ден: тргнување од училиштето; патување кон Крушево; посета на Спомен-куќата на Тоше Проески, Македониумот и Мечкин Камен; продолжување кон Битола, прошетка по Широк Сокак и разгледување на Саат-кулата;Антички град „Хераклеа“, Спомен-соба на Мустафа Ќемал Ататурк; пристигнување и сместување во Охрид; вечера и вечерна забавна програма.
2. Втор ден: утринска гимнастика и појадок; разгледување на културно-историските знаменитости во Охрид: Антички театар, Самоилова тврдина, Плаошник, Стара чаршија, Куќа на Робевци и Чинарот; прибирање материјали, бележење впечатоци и изработка на творби; вечерни друштвени активности.
3. Трет ден: прошетка низ Струга, набљудување на природните убавини, истекот на реката Црн Дрим од Охридско Езеро, посета на Природнонаучен музеј и Спомен куќа на „Браќа Миладиновци“ ; посета на Вевчани и Вевчанските Извори; разговор за значењето на водата како природен ресурс; посета на Домот на културата во Вевчани; продолжување кон Дебар – попатно запознавање со манастир „Св. Горгија Победоносец“-Рајчица, Косовраски Бањи, кањонот на Радика, ХЕЦ „Шпиње“ и продолжување кон Скопје.

## Конкретизација на наставните содржини

| Предмет | Содржина | Активности | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | Раскажување, опис, читање легенди | Читање, пишување краток извештај и творба | Ученикот опишува доживеан настан и изразува личен став |
| Историја и општество | Културно-историски локалитети | Истражување и бележење факти | Ги препознава значајните локалитети и нивното значење |
| Природни науки | Вода, извори, растителен и животински свет | Набљудување, хербариум, еколошки активности | Развива еколошка свест и истражувачки пристап |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ликовно образование | Пејзаж и природни материјали | Изработка на ликовни творби | Развива креативност и естетско изразување |
| Физичко и здравствено образование | Рекреација, движење и танци | Утринска гимнастика, спортски игри, танци | Развива навики за активен и здрав живот |

## Финален продукт

Ученички извештаи, ликовни творби, хербариум, фотографии и заедничка книга/пано со впечатоци од наставата во природа.

**Културно - забавни активности:**

- Ревија на маски и избор на најдобра маска;
- Јас имам талент;
- Вечер на народни игри и модерни танци;
- Квиз на знаење;

**Хигиена и здравје:**

- Поттикнување хигиенски навики при патување;
- Одржување лична хигиена;
- Листа на здрава и разновидна храна важна за здравјето на децата;

**Распоред на времето во текот на денот:**

- Станување
- Лична хигиена и уредување на спалните соби;
- Утринска гимнастика
- Појадок
- Настава
- Ручек
- Време за одмор
- Ужина и активен одмор
- Вечера
- Културно - забавни активности
- Лична хигиена и спиење

**Техничка организација:**

- Технички исправни и климатизирани автобуси;
- Квалитетни услови на сместување во хотелот,
- Присуство на туристички водич и лекар.

**Начин на финансирање:** Финансирањето ќе се врши согласно Правилникот на МОН, преку средства од родителите/старателите или други извори предвидени со Правилникот. Исклучок е можен доколку Општината донесе одлука да ги покрие трошоците за реализација на екскурзиите.

# 5. ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Регион** | Западна Македонија |
| **Локации** | Тетово –с.Вруток – ХЕЦ Вруток – Охрид – Струга - Вевчани |
| **Време на реализација** | Април/Мај 2027 година |
| **Времетраење** | 2 дена / 1 ноќевање |
| **Учесници** | ученици од VI одделение |
| **Сместување** | хотел во Охрид, избран согласно постапката за организација |

## Воспитно-образовни цели

- проширување на знаењата преку непосредно запознавање со природни, културни и историски локалитети;
- запознавање со културата и начинот на живеење во различни краеви на државата;
- развивање позитивен однос кон културното, духовното и природното наследство;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и здрав начин на живот; подобрување на социјализацијата, меѓусебното разбирање и толеранцијата.

## План на активности по денови

1. Прв ден: тргнување од Скопје; посета на Тетово и Шарената џамија; посета на изворот на р.Вардар во с. Вруток и осета на ХЕЦ Вруток; поаѓање кон Охрид, сместување, вечера, прошетка покрај езерото и културно-забавна програма.
2. Втор ден: разгледување на градот Охрид; црквата „Св. Софија“, Канео, Плаошник, Античкиот театар и охридска чаршија, ручек, враќање во Скопје.

## Содржини и активности

- набљудување и истражување на природни локалитети;
- разговори со водич/кустос за историското и културното значење на посетените места;
- спортски и рекреативни активности, дружење и тимска соработка.

### Одговорни лица

Одделенски раководители на VI одделение: Ирена Тодороска Пановска и Филип Георгиевски;
туристички водич, медицинско лице, лице за обезбедување и одговорен наставник за координација.

**Начин на финансирање:** Финансирањето ќе се врши согласно Правилникот на МОН, преку средства од родителите/старателите или други извори предвидени со Правилникот. Исклучок е можен доколку Општината донесе одлука да ги покрие трошоците за реализација на екскурзиите.

**Техничка организација:**

- Технички исправни и климатизирани автобуси;
- Квалитетни услови на сместување во хотелот,
- Присуство на туристички водич и лекар.

## 6. ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Регион** | Западна Македонија |
| **Локации** | Тетово, Маврово, Св. Јован Бигорски, Струга, Охрид, Св. Наум |
| **Време на реализација** | Април/Мај 2027 година |
| **Времетраење** | 3 дена / 2 ноќевања |
| **Учесници** | ученици од IX одделение |
| **Сместување** | хотел во Охрид, избран согласно постапката за организација |

### Воспитно-образовни цели

- проширување на знаењата стекнати во текот на деветгодишното образование;
- непосредно запознавање со природните убавини, езерата, реките, планините и туристичките потенцијали на Западна Македонија;
- запознавање со културно-историски и духовни локалитети од национално значење;
- развивање позитивен однос кон националните, културните, естетските и археолошките вредности;
- поттикнување социјализација, другарство, меѓусебно разбирање и толеранција;
- развивање интерес за спорт, рекреација, здрав живот и активно користење на слободното време.

### План на активности по денови

1. Прв ден: тргнување од училиштето; посета на Тетово и Шарената џамија; панорамско разгледување на Полошката Котлина; кратка пауза во Маврово и разгледување на Мавровското Езеро; посета на манастирот „Св. Јован Бигорски“; панорамско разгледување на кањонот на Радика; пристигнување во Струга, прошетка покрај Црн Дрим; пристигнување и сместување во Охрид.
2. Втор ден: посета на Заливот на коските и запознавање со наколното живеалиште; посета на манастирот „Св. Наум Охридски“ и изворите; враќање во хотел, ручек, спортски активности, прошетка покрај езерото и вечерна забавна програма.
3. Трет ден: разгледување на градот Охрид; посета на Билјанините Извори, црквата „Св. Софија“, Канео, Плаошник, црквата „Св. Пантелејмон“, Самоиловата тврдина, Античкиот театар, работилницата за рачна изработка на хартија, Старата чаршија и стариот чинар; враќање во Скопје со попатна пауза.

### Содржини и активности

- набљудување, насочено внимание и прибирање податоци;
- фотографирање на природни, културни, духовни и историски објекти;
- теренска настава и разговори со водичи, кустоси и други стручни лица;  презентација на впечатоци, изработка на кратки извештаи и ученички трудови;  спортски, рекреативни и културно-забавни активности.

### Одговорни лица

Одделенски раководители на IX одделение Ленче Зајковска и Весна Миливоевиќ, туристички водич, медицинско лице, лице за обезбедување и одговорен наставник за координација.

### Финансирање

Финансирањето ќе се врши согласно Правилникот на МОН, преку средства од родителите/старателите или други извори предвидени со Правилникот. Исклучок е можен доколку Општината донесе одлука да ги покрие трошоците за реализација на екскурзиите.

### Техничка организација:

- Технички исправни и климатизирани автобуси;
- Квалитетни услови на сместување во хотелот,
- Присуство на туристички водич и лекар.

## 7. Општи организациски, безбедносни и финансиски услови

### Техничка организација

- Активностите ќе се реализираат со технички исправни, климатизирани и безбедни туристички автобуси, кога е потребен превоз.
- За активностите што се реализираат преку туристичка агенција, агенцијата ќе биде избрана согласно законските процедури и правилата на училиштето.
- Сместувањето, исхраната и придружните услуги ќе бидат обезбедени согласно програмата и договорените услови со избраниот организатор.
- За секоја активност ќе биде обезбедена придружба од одговорни наставници, туристички водич, медицинско лице и лице за обезбедување, согласно потребите и прописите.
- 

### Безбедност и здравствена заштита

- Пред реализација на активностите учениците ќе бидат запознаени со правилата за безбедно и културно однесување за време на патувањето и престојот.

- Родителите/старателите ќе бидат навремено информирани за програмата, времето на поаѓање и враќање, потребната опрема и начинот на комуникација.
- Учениците ќе бидат под постојан надзор на наставниците и придружните лица.
- Ќе се води грижа за личната и општата хигиена, здравствената состојба на учениците, безбедното движење и одговорното користење на времето.

***Кодекс на однесување за време на настава во природа:***

1. Почит кон другите:
• Почитувај ги наставниците, водичите и возачите.
• Однесувај се учтиво со соучениците и другите луѓе што ќе ги сретнеме.
• Не навредувај, не туркај и не тепај никого.
2. Слушање на упатствата:
• Секогаш следи ги инструкциите на наставниците и придружниците.
• Внимавај кога се даваат важни информации за безбедноста.
3. Безбедност при патување:
• Во автобусот седи на своето место и врзан со појас(ако го има).
• Не станувај и не трчај додека автобусот се движи.
• Не фрлај предмети од автобусот.
4. Одговорно однесување на локалитети:
• Не одвојувај се од групата без дозвола.
• Чувај ја природата и културните објекти — не кини, не цртај и не фрлај ѓубре.
• Пази на својот и на туѓиот имот.
5. Однесување во хотел:
• Почитувај ги правилата на хотелот и вработените.
• Останувај во својата соба по договореното време.
• Не отворај врата на непознати лица.
Не трчај и не викај по ходници и скали.
• Чувај ја чистотата во собата и внимавај на хотелскиот имот.
• При пожар или вонредна состојба, следи ги упатствата на наставниците и хотелскиот персонал.
6. Забрана за алкохол, цигари и други штетни супстанци:
• Строго е забрането консумирање или носење алкохол, цигари или било какви други штетни супстанци.
• Прекршувањето на ова правило ќе доведе доведнаш известување на родителите и можнапедагошка мерка .
7. Лична одговорност
• Чувај ги своите лични работи.
• Понеси доволно вода.
• Облечи се соодветно според времето и активностите.
8. Пријателство и соработка:
• Помогни ако некој има проблем.
• Сподели и играј се заедно.
• Радувај се на туѓите успеси и откритија.
9. Последици при непочитување:
• Ако не се придржуваш кон правилата, ќе бидеш опоменат и можеш да бидеш исклучен од активностите.
• Родителите ќе бидат информирани за секое сериозно нарушување на однесувањето.

### Носители на активности

- директорот на училиштето;
- одговорниот наставник/координатор за вонучилишни активности;
- одделенските наставници и одделенските раководители;
- предметните наставници придружници;
- учениците и родителите/старателите;
- избраната туристичка агенција и стручните придружни лица.

## 8. Заклучок

Оваа Програма претставува основа за организирано, безбедно и квалитетно реализирање на излетите, екскурзиите и наставата во природа во учебната 2026/2027 година. Со нејзината реализација се очекува збогатување на воспитно-образовниот процес, проширување на знаењата на учениците, развивање на социјални и животни вештини, како и создавање позитивни и трајни ученички искуства.

Сите активности ќе се реализираат согласно Годишната програма за работа на училиштето, важечките правилници, законските прописи и одлуките на органите на училиштето.

| Одговорен наставник / раководител | Директор |
|---|---|
| Драган Станојковски | ___________________________ |